

ПРИРАЧНИК ЗА ОБУКА

# *РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ*

# Прирачник за обука

## *“Родовата еднаквост и климатските промени”*

(Воведна обука)

Документот е подготвен во рамките на проектот “Трет двогодишен ажуриран извештај за климатски промени”, со техничка и финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) и на Глобалниот фонд за животна средина (GEF).

Предговор ..... 3

Вовед ..... 6

Цели на обуката ..... 8

**Сесија 1: Вовед во родовите концепти и климатските промени** ..... 10

I. Зошто родот е значајно прашање во третирањето на климатските промени? ..... 11

Клучни аспекти на родовата перспектива во климатските промени ..... 11

II. Основни родови поими и концепти ..... 15

III. Родово одговорни, неутрални, слепи и трансформативни политики ..... 16

**Сесија 2: Интерсекција на родовата перспектива и климатските промени.** ..... 18

IV. Вклучување на родовата перспектива во главните текови, политики и практики ..... 19

(Gender mainstreaming – родово мејнстримирање). ..... 19

V. Политики за климатските промени ..... 25

VI. Меѓународна и национална стратешка рамка за род и климатски промени ..... 28

**Сесија 3: Родовите улоги во сектори релевантни за климатските промени** ..... 32

VII. Родови разлики и улоги во сектор енергија ..... 33

VIII. Родови разлики и улоги во сектор земјоделство ..... 34

IX. Родови разлики и улоги во сектор транспорт ..... 35

X. Девојки во техничките науки ..... 36

**Сесија 4: Воведување на родова перспектива во процесите на ублажување и прилагодување** ..... 37

Воведување на родовата перспектива во процесите на прилагодување или “адаптација” ..... 38

Родово одговорно планирање на политиките за прилагодување ..... 39

Воведување на родовата перспектива во процесите на ублажувањето или “митигација” ..... 44

Родово одговорно планирање на политиките за прилагодување. ..... 44

**Сесија 5: Зајакнување на Нацрт акцискиот план за род и климатски промени** ..... 48

Преглед на Нацрт акцискиот план за род и климатски промени ..... 49

Агенда: Воведна обука “Родовата еднаквост и климатските промени” ..... 53

## Предговор

Прирачникот е изработен во рамки на проектот "Зајакнување на институционалните и технички капацитети за подобрување на транспарентноста за климатски промени во рамките на Договорот од Париз (CBIT проект)", кој се спроведува преку соработката на Министерството за животна средина и просторно планирање со Програмата за развој на Обединетите нации.

Еден сегмент на овој проект е поддршка на имплементацијата на Нацрт Акцискиот план за интегрирање на родовите прашања при подготовката на 4-тиот национален план за климатски промени / 3-тиот двогодишен извештај[1] (во понатамошниот текст Планот).

Поддршката на имплементацијата на Планот се одвиваше во неколку фази со цел идентификација на постојните состојби со интерсекцијата на родот и климатските политики на национално ниво на политики, препреки и потреби за истото.

Во периодот септември-октомври 2019 година се изработи Истражување за вклученоста на родовата перспектива во националните политики за климатски промени, каде има осврт и на меѓународните стандарди, националната институционална поставеност, план за зајакнување на имплементацјата на Планот, како и анализа на родовата поделба на улогите, потребите и препреките на жените и мажите во 4 сектори: Искористување на енергија во домаќинствата, Транспорт, Земјоделство и ИКТ.
За потребите на поддршка на имплементацијата на Планот, со цел идентификување на препреките и потребите за негова имплементација, во периодот Септември-Октомври, 2019 година, како дополнување на горе споменатото истражување, се спроведе квалитативната анализа преку таргетирање на релевантни актери од институциитте кои работат во областа со цел, анализа на:

1. Интерсекција на родот и климатските промени во постојната и планираната национална стратешка и законска рамка од двете области (род и климатски промени)
2. Степен на институционална (интер/интра) соработка за вклучување на родовите прашања во процесите на планирање на климатски промени;

Врз основа на што се креираа препораки за:

3. Препораки за зајакнување на имплементацијата на Нацрт акцискиот план за род и климатски промени и вклучување на родовата перспектива во политиките за климатски промени,
4. Предлог модел за формирање тело надлежно за координирање на имплементацијата на Акцискиот план.

Врз основа на добиените резултати од процесот на истражување, се утврди потребата за зајакнување на капацитетите на главните чинители од областа на родовите прашања и од областа на климатските промени. Имено, со цел да се обезбеди вклучување на родовите аспекти во главните политики на

[1] Достапен на
http://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/887dd265aaf7878b2141835fcdefe4d13e2391f8eee2adf666f16e9fa2326240.pdf

ниво на администрација и донесување одлуки, неопходно е да се зајакнат капацитетите за климатските промени на родовата институционалната машинерија на централно и локално ниво, да се зголеми свеста за поврзаноста на родовите прашања и КП, поточно проценка и мерење на последиците од влијанијата врз климатските промени, политиките и мерките и нивната родова врска. Од друга страна потребна е обука за родова сензитивизација, односно зајакнување на капацитетите на релевантните чинители и на административно и на ниво на донесување одлуки за воведување на родовата перспектива во политиките за климатските промени.

Воведувањето на обуки за род и климатски промени треба да се направи на ниво на стратешки планови и нивни релевантни акциски/оперативни планови со финансиска поткрепа, со цел подигнување на знаењето за различните потреби и улоги на жените и мажите во ублажувањето / адаптацијата. Јакнење на капацитетите на административно и ниво на донесување одлуки на двете групи чинители од областа на климатските промени и  од областа на родовата еднаквост за постоењето на интерсекцијата на родот со климатските промени претставува предуслов за ефективна имплементација на планот.

Во таа насока, овој Прирачник дава увид и преглед во клучните теми кои треба да се обработат на воведна обука со цел разбирање на интерсекцијата на родот и климатските промени.

# ВОВЕД



## Вовед

Влијанието и последиците од климатските промени се чувствуваат во секоја земја на секој континент. Тие денес имаат негативно влијание врз националните економии, човечките животи, заедниците и државите и се претпоставува дека ова влијание ќе биде поинтензивно во иднина. Луѓето ги чувствуваат последиците од климатските промени, кои вклучуваат промени во временските модели, поплави, загадувањето на воздухот и други природни катастрофи. Емисиите на стакленички гасови како резултат на човековите активности го зголемуваат климатските промени и продолжуваат да растат.
Во сите земји климатските промени имаат поголемо влијание врз оние делови од населението кои најмногу се потпираат на природните ресурси во секојдневниот живот и/или имаат најмал капацитет да одговорат на природни опасности како што се сушите, лизгањето на земјиштето, поплавите и ураганите. Жените имаат тенденција да се соочат со поголеми ризици и поголеми оптоварувања како резултат на климатските промени во ситуации на сиромаштија, а повеќето од сиромашните во светот се жени. Нееднаквото учество на жените во процесите на донесување одлуки и на пазарот на трудот создава нееднаквости и честопати ги спречува жените целосно да придонесат во планирањето, креирањето и спроведувањето на политиките за климатски промени.
Меѓународната заедница ја дефинира родовата еднаквост и зајакнувањето на жените како цел само по себе и како средство за промовирање на развојот во целина. Навистина, постигнувањето родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња е дефинирано како 5-та од 17-те цели за одржлив развој (SDG).
Иако светот постигна напредок кон постигнување на родова еднаквост и зајакнување на жените во рамките на Милениумските развојни цели (вклучително и еднаков пристап до основно образование за девојчиња и момчиња), жените и девојчињата продолжуваат да страдаат од дискриминација и насилство во сите делови на светот.
Родовата еднаквост не е само основно човеково право, таа е неопходна основа за мирен, просперитетен и одржлив свет.
Овозможување на жените и девојчињата да имаат еднаков пристап до образование, здравствена заштита, пристојна работа и да бидат застапени во политичките и економските процеси на донесување одлуки, поттикнува развој на одржлива економија и придобивки за општеството и пошироко.
Затоа, на меѓународно ниво, пред сѐ во рамките на Обединетите нации, воведувањето родова перспектива како одговор на климатските промени се признава како неопходност и обврска. Ова значи дека политиките и програмите од областа на земјоделството (зелена економија), урбанистичко планирање, градежништво, јавен превоз, енергија, ИТК и слично, не треба да придонесат само за неутрализирање на факторите што доведуваат до климатски промени, туку да ја вклучуваат и родовата перспектива. Слично на тоа, програмите и политиките за реагирање, спречување и прилагодување на луѓето кон ефектите од климатските промени (како суши, поплави, УВ зрачење, итн.) треба да бидат подеднакво ефикасни и за мажите и за жените.
Прирачникот е подготвен за да послужи како основа во спроведувањето на обуките за претставниците на родовите механизми и за државни службеници кои се вклучени во креирањето на политики и стратешки документи.
Прирачникот обезбедува информации и податоци за стекнување на знаења за вклучување на родовата перспектива во климатските промени, односно поддршка на имплементацијата на Нацрт акцискиот план за родова еднаквост и адаптација/ублажување кон климатските промени.

Содржината на прирачникот не води низ запознавање на основните поими и концепти поврзани со родот и со климатските промени, меѓународната и домашната стратешка рамка за справување со климатските промени, клучните аспекти на родот и климатските промени, влијанието на климатските промени врз животот на жените и мажите со примери во неколку области (транспорт, земјоделие, ИТК, енергетика), вклучувањето на родовата перспектива во справувањето со климатските промени, родово неутрални, родово слепи и родово одговорни политики.
Прирачникот е организиран согласно тематските единици вклучени во агендата за обука која е составен дел на овој прирачник. За да може да се вклучи родот во справувањето со климатските промени, креаторите и имплементаторите на политиките и стратегиите неопходно е да разберат зошто родот е значајно прашање во справувањето со климатските промени, како родот е поврзан со климатските промени и како да се вклучи родовата перспектива во справувањето со климатските промени, за да не се сведе само на бројки и проценти и на квантитативна застапеност на жените и мажите.
Вклучувањето на родовата перспектива во справувањето со климатските промени е повеќе од бројки и проценти, а тоа ќе се разгледува низ неколку области, кои имаат влијание врз животот на жените и мажите а истовремено се значајно под влијание и на климатските промени и последиците кои ги предизвикуваат. Целта на овој прирачник е преку обуката да се пренесат следниве

**КЛУЧНИ ПОРАКИ**

**Негативните влијанија на климатските промени различно ги погодуваат мажите и жените и имаат силна родова димензија предизвикана од родовата поделба на улогите во семејството и општеството**

**Климатските промени ги продлабочуваат постојните родови нееднаквости**

**Негативните влијанија на климатските промени различно ги погодуваат мажите и жените и имаат силна родова димензија предизвикана од родовата поделба на улогите во семејството и општеството**

**Родот ја зголемува ранливоста од негативните влијанија на климатските промени и го намалува адаптивниот капаците но и капацитетот за ублажување на климатските промени**

**Се забележува родово поделена перцепција за климатските промени, односно дека жените покажуваат поголем степен на загриженост кон негативните влијанија од климатските промени отколку мажите и покажуваат поголема мотивираност за делување**

**За да се креираат ефективни и ефикасни одговори на климатските промени, истите треба да одговараат на локалниот контекст и неопходно е да ги адресираат различните перспективи, улоги, потреби, приоритети и интереси на мажите и жените**

**Пристапите кон климатските промени ќе бидат поефикасни, ефективни, одговорни и ќе обезбедат поширoки бенефити доколку и мажите и жените еднакво се вклучени во креирањето на политиките**

## Цели на обуката

Прирачникот и обуката се креирани за двете клучни целни групи кога зборуваме за вклучување на родовата перспектива во справувањето со климатските промени:

- родовата машинерија во органите на државната управа и
- државни службеници кои работат на креирање и имплементација на политики за справување со климатските промени.

Имајќи во предвид дека овие две целни групи имат различно ниво на познавања како за родовата еднаквост, така и за климатските промени, прирачникот е прилагоден кон потребите на двете целни групи и нуди подеднакво значајни информации и за двете области.
Координаторите за еднакви можности на жените и мажите во органите на државната управа, се назначени по донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите во 2006, и во периодот до денес, имаат поминато голем број на обуки, основни и напредни обуки за род и за родовите концепти, целта на оваа обука нема да биде стекнување на знаења за родот и родово базираната дискриминација, стереотипи, дефиниција и клучни поими.Низ овие поими и концепти ќе се помине низ дискусија, само како потсетување и повторување на знаењето за да се надоврземе и одиме чекор понапред во идентификувањето на родовите улоги во секторите кои се поврзани со климатските промени и процесот на вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките за справување со климатските промени.
Креаторите на политики за справување со климатските промени немат познавања за родот и родовата еднаквост, родово базираната дискриминација, стереотипи и креирање на родово одговорни политики, и затоа обуката за нив ќе биде насочена кон стекнување на знаења за овие прашања и разбирање на коцептот на родова еднаквост, зошто е важен и како истиот да биде вклучен во креирањето на политиките за справување со климатските промени.
И покрај тоа што мора да се нагласи дека секој еден сектор од општественото живеење е поврзан со климатските промени (климатските промени по дефиниција се интер-секторско прашање – crosscutting issue), на обуката ќе се презентираат следните сектори (како примери на родово поделени улоги): Искористување на енергијата во домаќинствата, Земјоделство, Транспорт, Девојки во техничките науки (ИКТ).

Цели на обуката

**Разбирање на родовата перспектива во климатските промени**

**Увид во разликите во родовите улоги во областите на ублажување и приспособување на/кон климатските промени**

**Идентификација на родово базираните нееднаквости кои доведуваат до зголемена ранливост на женската популација од негативните влијанија на климатските промени**

**Запознавање со основната меѓународна и домашна стратешка рамка за справување со климатските промени**

**Зајакнување на имплементацијата на Нацрт акцискиот план за род и климатски промени**

**Воведување на родовата перспектива во политиките за климатски промени**

# Сесија 1: Вовед во родовите концепти и климатските промени



## I. Зошто родот е значајно прашање во третирањето на климатските промени?

## Клучни аспекти на родовата перспектива во климатските промени

Иако климатските промени имат влијание врз сите нас, сепак поради различните општествени улоги на жените и мажите, многу често различно е искуството и со последиците од влијанието на климатските промени и најчесто несразмерно се негативно погодени жените од овие промени.
Жените, во споредба со мажите, често имаат ограничен пристап до ресурсите, ограничен пристап до правдата, ограничена подвижност и ограничен глас во донесувањето одлуки и влијанието во политиката и процесите на носење на одлуки.

**UNFCCC дефиниција на климатските промени:**

„климатски промени предизвикани директно или индиректно од човечка активност, што влијае на составот на атмосферата и придонесува за природните климатски промени".

Општествената, социо- економска и културна бинарна стратификација на моќни и немоќни, богати и сиромашни, норма и отстапка, претставуваат основа за зајакнат ефект и поголеми последици од климатските промени и нивните негативни влијанија. Климатските промени може да бидат различни во зависност од природата, варијабилноста, брзината на промените, чувствителноста на областа, локацијата итн., но истите имаат една заедничка константа, а тоа е дека сиромашните, маргинализираните и ранливите луѓе се најпогодени групи во општеството од страна на сите варијации на климатските промени. Општествено-економскиот фактор е заеднички за сите варијации и влијанија на климатските промени, што значи дека сиромашните луѓе, заедници или земји се најпогодени и имаат најмал капацитет да се прилагодат, адаптираат и справат со негативните ефекти. Најновото истражување на Human Rights Council (24.6.2019 Climate change and poverty) укажува дека состојбата со негативните влијанија на климатските промени е алармантна, поради зголемувањето на температурите (последните пет години се најтоплите во историјата на модерните мерења), емисијата на јаглерод диоксидот се зголемува, се предвидува дека светската потрошувачка на енергија ќе порасне за 28 отсто помеѓу 2015 и 2040 година што ќе доведе до т.н. "поплави од илјадници години" и разорни урагани. Од друга страна милиони луѓе во светот се соочуваат со неисхранетост заради суши што води кон приморан избор: миграција или прегладнетост.

Универзалната Декларација за Човекови Права наведува дека климатските промени претставуваат закана за целосно уживање на човековите права (UNDHR Article 25 1. Everyone has the right to a standard of living adequate for the health and well-being of himself and of his family, including food, clothing, housing…), односно највисокиот законодавен акт Уставот на Република Северна Македонија, односно и Член 43 од дека "Секој човек има право на здрава животна средина."

Таа состојба е спротивна на основните човекови права на квалитетен и здрав живот, здрава животна средина и благосостојба, што значи дека климатските промени и нивните влијанија се директна закана за повреда на основните човекови права. Или, поинаку формулирано, климатските промени и негативните влијанија се основа за кршење на човековите права, особено кај ранливите, маргинализираните заедници, доколку системите на државата не го спречат тоа. Непостапувањето за заштита на правата на сиромашните и маргинализирани групи на државата во случаи на повреди на нивните права од негативните влијанија на климатските промени би укажало на неажурност на државата во заштитата на правата на своите граѓани.

Жените се сеуште де-факто маргинализирана група, поради поголемата стапка на сиромаштија меѓу нив, помал пристап до средства како што се пари, кредити и имотни права, како и помало вклучување во процесите на донесување одлуки. Жените, исто така, во најголем број случаи (наспроти мажите) се жртви на двојна или повеќекратна дискриминација (пол во корелација со етничка припадност, религиозна, образовна позадина, место на живеење, (не) вработеност, возраст, итн.) што ги става во уште потешка позиција кога станува збор за справување со или за борба против климатските промени, поточно во пристап до сервиси, услуги, информации за адаптација и митигација за и од климатските промени. На тој начин климатските промени директно влијаат на продлабочување на јазот на сиромаштијата, односно, поголема општествена поделба, ставајќи ги лицата во ризик од и во сиромаштија во егзистенцијален предизвик, каде жените се најзасегнатата страна заради сеуште присутната феминизација на сиромаштијата.

Стапката на смртност при катастрофи е поголема за жените отколку кај мажите, што исто така може да биде условено од социјално утврдени разлики во ранливоста на мажите и жените. По азиското цунами во 2004 година, Оксфам открил дека во некои села во Индонезија и некои делови од Индија, жените сочинуваат над 70% од жртвите. Во циклонот во 1991 година загинаа 140.000 луѓе во Бангладеш, 90% од нив биле жени и млади девојчиња (Оксфам, 2010)

Имено, факт е тоа дека лицата кои живеат во ризик и под сиромаштија во главно живеат во супстандардни услови/домови кои не се отпорни на влијанијата на климатските промени, со поголеми шанси за загуба на имотите, насади и другите извори на приходи (во земјоделските средини), имаат помал пристап до сервисите за митигација/адаптација заради факторот оддалеченост (географска), факторот дискриминација, невработеност, и имаат помали можности за пристап до заеми, кредити.

Поточно, и покрај тоа што може да се каже дека негативните влијанија на климатските промени не препознаваат пол, сепак негативните ефекти се силно родово поделени заради општествените контексти, односно, општествените контексти ги дефинираат разликите во негативните влијанија врз основа на пол.

Жените, како што е веќе наведено погоре, го сочинуваат најголемиот дел од светската сиромашна популација, тие се поради тоа најпогодените од климатските промени, заради нивната општествено наметната ранливост поради помалиот пристап до финансии, поседување земјиште, почесто напуштање на образовен систем, како и поголемо учество во неплатениот труд во рамки на семејството и долготрајната грижа за членови од семејството.

Од друга страна, многу студии покажуваат дека постои родово поделена перцепција за климатските промени, односно дека жените покажуваат поголем степен на загриженост кон негативните влијанија кон климатските промени отколку мажите и покажуваат поголема мотивираност за делување[2]. Ова може да се поврзе со репродуктивната улога на жената, како и нејзината доминантна улога во негата за члeновите на семејството. Сепак, таа родова поделба на перцепција за климатските

[2] Council of the European Union, Council Conclusions on The European Pact for Gender Equality for the period 2011-2020, published as the Annex to the Council Conclusions of 7 March 2011, https://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/lsa/119628.pdf.

промени треба да биде земена предвид, како човечки капитал и потенцијал во државните напори за митигација/адаптација кон климатските промени.

**Директните последици од климатските промени се:**
• Поплави и катастрофи предизвикани од климатските промени,
• суши,
• ладни и топлински бранови,
• непредвидливи временски услови и катастрофи.
што (на краток или долг рок) доведува до:
• неизвесноста на изворот на приход / средства за живеење,
• човечки и материјални загуби,
• ограничувања на природните ресурси,
• недостаток на вода и енергија,
• оштетување на инфраструктурата,
• промена во биолошката разновидност,
• последици по здравјето на луѓето,
• миграција,
• губење на обработливо земјиште и културно и природно наследство.

❖ Климатските промени не се родово неутрални, односно ги погодуваат мажите и жените различно. Негативните влијанија од климатските промени се позиразени кај женската популација врз основа на сите фактори за вулнерабилност од климатски промени. Врската и поврзаноста помеѓу климатските прмени и родот е комплексна и динамична, а во исто време зависна од контекстуалното општествено уредување и економски развој на државата. Оваа врска не се однесува само на ранливоста од негативните влијанија од климатските промени, туку и на адаптивноста кон тие влијанија, како и ублажувањето односно изнаоѓањето начини за редукција на емисиите на стакленичките гасови кои ги предизвикуваат климатските промени.

**Фактори кои влијаат на ранливоста од климатските промени:**
• Биолошки (возраст, инвалидитет, здравје, вклучително и бременост);
• Територијална или физичка (затоа руралното население е поранливо од населението во урбаните центри);
• Економски (сиромашните се повеќе изложени на ризици, затоа што имаат помалку ресурси и помалку можности за обновување);
• Социјални (како што се модели и норми, стилови на живот) во семејството, дискриминација, достапност на услуги, итн.);
• Знаење и информации (вештини, како што се пливање, начини и канали на информации, обука за прва помош и слично);
• Политичко - преку учество во одлучување и политичка моќ и социјално вклучување воопшто.

❖ Дефинирањето на ранливоста во контекст на климатските промени е е клучна за разбирање на родовите разлики во климатските промени. Во буквална смисла, ранливоста подразбира подложност на негативните влијанија од климатските промени. Во научна смисла, ранливоста со себе ги носи концептите на изложеност, чувствителност и капацитет за прилагодување. Ранливоста според

Intergovernmental Panel on Climate Change (IPCC) е дефинирана како „степен до кој системот е способе, или не да се справи со, негативните ефекти од климатските промени, вклучително и климатската варијабилност и екстреми. Ранливоста е функција на карактерот, големината и стапката на климатските варијации на кои е изложен системот, неговата чувствителност и неговата капацитет за прилагодување "(Боко и др. 2007). Поради нивните специфични улоги и одговорности, жените се поранливи и се соочуваат со поголеми предизвици од мажите при адаптирањето. Причините се следни:

- **Нееднаквост:** Бидејќи на луѓето им се потребни ресурси за да одговорат на ефектите од климатските промени, сиромаштијата придонесува директно за ранливоста. На пример, сиромашните честопати не можат да пристапат до потребната технологија (култури отпорни на суша, пристап на електрична енергија и електрични уреди, итн.) да ги прилагодат нивните начини на живеење кон сериозно негативни влијанија на климатските промени.
- **Дискриминација:** Економската маргинализација на жените значи тоа тие имаат помалку средства и посоодветна база на ресурси отколку мажите ефективно да реагираат на ефектите од климатските промени. На пример жените сè уште се соочуваат со родово-базирани културни и правни ограничувања на сопственоста на земјиште и пристап до природни ресурси, кредити итн. Недостатокот на вакви клучни средства ги прави несразмерно ранливи на лошите ефекти на климатските промени.

> Постои тесна поврзаност помеѓу родот и климатските промени: (1) климатските промени ја зголемуваат ранливоста и нееднаквоста врз основа на род, (2) родовата нееднаквост придонесува кон нееднакви можности за справување со негативните влијанија од климатските промени.
> Постигнувањето на родова еднаквост во одговорите кон климатските промени ќе значи поефективни политики за климатски промени.
> Климатските промени различно ги погодуваат жените и мажите

- **Социокултурни бариери**: Социјалните ограничувачки норми и вредности честопати водат кон зголемување на ранливоста од климатските промени кај жените и девојчињата. Се верува дека жените и децата имаат 14 пати поголема веројатност да умрат отколку мажите за време катастрофи (Броди и др. 2008).

## II. Основни родови поими и концепти

Овој дел од прирачникот ќе овозможи учесниците на обуката да се запознаат со основните родови поими и концепти. Кога зборуваме за вклучување на родовата перспектива во климатските промени, потребно е да се разберат основните концепти на родовата еднаквост и зошто е важно прашање кое треба да биде дел од политиките за справување со климатските промени.

Овој дел ќе служи како потсетување на претставниците на родовата машинерија за основните родови поими и концепти, додека пак за актерите од областа на климатските промени ќе значи вовед во основната родова терминологија

**Род** – Родот реферира на социјално договорени улоги, однесувања, вредности и активности и атрибути кои дадено општество ги смета за соодветни за жените и мажите. Родот е стекнат идентитет којшто е научен, се менува со текот на времето и нашироко варира во и низ културите.

**Пол** - терминиот пол упатува на биолошките и на физиолошките карактеристики кои ги дефинираат мажите и жените. Биолошкиот пол е детерминиран од генетските и анатомските карактеристики.

**Родови улоги** – Родовите улоги се научени однесувања во дадено општество или заедница или друга посебно група, односно активности, задачи и одговорности кои се перцепираат како машки и женски. Родовите улоги се одредени од возраста, класата, расата, етнитетот, религијата како и од географската, економската и политичката околина. Промените во родовите улоги често се појавуваат како одговор на менувањето на економските, природните или политичките околности, вклучувајќи ги и развојните напори.

**Еднакви можности на жените и мажите** е промовирање на начелото за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали, преку кои тие придонесуваат за општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој;

**Дискриминација по основа на пол** е секоја разлика, исклучување или ограничување врз основа на пол, што има за последица или за цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или практикувањето на човековите права и основните слободи, врз основа на еднаквост на жените и мажите на политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле, без оглед на нивната раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа;

**Родова рамноправност**

Родовата рамноправност значи праведност при постапувањето со мажите и со жените, во согласност со нивните лични потреби, праведност особено во врска со правата, придобивките, обврските и можностите. Родовата рамноправност е засегната со унапредување на личната, социјалната, културната, политичката и економската рамноправност за сите.

**Родова еднаквост**

Родовата еднаквост, значи дека различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите се почитувани, земени предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати. Тоа значи, дека нивните

права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали тие се родени како маж или како жена. Таа е заснована на принципите на човековите права и социјалната правда. Јасно е дека родовата еднаквост и зајакнувањето на жените се суштински за упатување кон главната грижа на сиромаштијата и несигурноста и за достигнување на одржлив развој со човекот како центар.

Родова перспектива

Родова перспектива е гледиште кон родовите разлики, потреби и интереси во секоја дадена политичка област/активност. Општо прифаќање на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите на секое планирано дејство врз жените и врз мажите, вклучувајќи го и законодавството, политиките или програмите во сите области и на сите нивоа. Тоа е стратегија за прашањата и за искуствата на жените и на мажите, во настојувањето да станат интегрална димензија на дизајнирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени сфери, така што жените и мажите ќе имаат еднакви придобивки и нема да се продолжува со нееднаквоста. Крајна цел е да се постигне родова еднаквост.

Вклучување на родовата перспектива во главните текови, политики и практики (Gender mainstreaming), претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики – притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите. Тоа значи, проценка на тоа како политиките влијаат врз животот и местото на жената и мажот и преземање одговорност истите да се адресираат со создавање простор за секого, од ниво на семејната заедница, до ниво на пошироката заедница, да придонесат во тој процес на градење заедничка и разбрана визија за постигнување на одржлив развој, притоа преточувајќи ги тие политики во реалност. За да се постигне ова, неопходно е високо ниво на политичка волја, посветеност и разбирање низ сите структури и сфери во општеството.

Родови стереотипи се генерализирани гледишта или предубедување за атрибутите или карактеристиките кои треба да ги поседуваат жените и мажите, како и улогите кои треба да ги имаат и едните и другите. Стеротипот за тоа кои особини се „машки“, опфаќа карактеристики како што се: компетитивноста, храброста, строгоста, агресивноста, активноста, додека како „женски“ црти се третираат: кооперативноста, плашливоста, попустливоста, пасивноста и нежноста.

## III. Родово одговорни, неутрални, слепи и трансформативни политики

Политиките (стратегиите, програмите и активностите) зависно од вклученоста на родот можат да бидат:

**Родово неутрални политики** се оние политики кои се креираат под претпоставката дека целите и инструментите на дадена политика се широко применливи, не земајки ги предвид различните (можни) ефекти кои таа политика може да ги има врз жените и мажите.

**Родово одговорната политика** ги препознава карактеристиките и разликите кои произлегуваат од родовите улоги, за да може ефетите од политиките да обезбедат родова еднаквост. Родовите аспекти се критериум во сите фази од процесот на креирање политики за оценка на состојбите и за евалуација на политиките

**Родово специфични политики** се наменети за одреден пол и се стремат позитивно да допринесат да се постигнат одредени цели на политики или поефикасно да се задоволат одредени родово посебни потреби. Родово специфични политики се родово сензитивни бидејќи нивните интервенции се

насочени кон специфичен пол, во рамки на постоечката дистрибуција на ресурси и одговорности. Овие интервенции се најчесто од социјален карактер но може да имаат и поголемо влијание. Разликите помеѓу женско специфичната политика и родово слепата политика се наоѓаат во анализата на родово специфичните ограничување и тие што се базирани на претходни претпоставки за соодветните улоги на жените.

**Родово трансформативни политики** се насочено кон мажите или жените (или и двата пола) и го препознаваат постоењето на родово специфични потреби и ограничувања. Овие политики имаат за цел да ја трансформираат постоечката дистрибуција на ресурсите и одговорностите со цел да се создадат рамноправни односи меѓу мажите и жените. Цел на интервенцијата можат да бидат мажите и жените или, пак, само една група. Родово трансформативните политики се фокусираат главно на стратешките родови интереси, но може да ги има во план и практичните родови потреби на начин кој има трансформативен потенцијал (овозможува поволна околина за самозајакнување на жените).

**Родово слепи политики** се оние кои не успеваат да направат разлика меѓу мажите и жените. Политиките се пристрасни во корист на постоечките родови релации и поради тоа веројатно ги исклучуваат жените.

Примери:

Купувањето електрични возила за правни лица, како мерка за надминување на загаденоста, би ги исклучило жените, прво затоа што жените помалку возат автомобили и „помалку се разбираат“ или “помалку се заинтересирани за автомобили“ - што е дел од родовата улога и стереотип, второ затоа што тие се почесто сопственици на микро или мали фирми кои најчесто немат услови за инвестирање во електрични автомобил. Родова одговорна интервенција ќе биде да се инвестира и да се овозможат ленти за велосипеди и, да се направи консултација со жени и мажи кои возат велосипеди, да се разговара за потребите и проблемите и неопходното уредување на лентите.
Во напорите за енергетската ефикасност во зградите, родово неутрална интервенција би била, на пример, обука на менаџери за станбени згради за енергетска ефикасност, додека родово-трансформативната интервенција а воедно и мотивирачка би била обука на жените да се ангажираат како менаџери за домување и потоа да бидат вклучени и во обука.

Во текот на обуката учесниците поделени во групи, преку примери ќе можат од родово слепи или неутрални политики (кои исто така можат да се разберат како родово слепи политики) со соодветни интервенции да ги трансформираат во родово одговорни политики.

# Сесија 2: Интерсекција на родовата перспектива и климатските промени.



## IV. Вклучување на родовата перспектива во главните текови, политики и практики (Gender mainstreaming – родово мејнстримирање).

Родовото мејнстримирање претставува процес составен од вклучување на низа методи во сите фази на проектот или стартешката програма/политика, и тоа во фазите на планирање, развој, имплементација и следење / оценување).

Македонскиот закон за еднакви можности, исто така, ги обврзува државните институции „да ги вклучат родовите перспективи во главните текови што значи вклучување на родовата перспектива во секоја фаза во процесот на градење, усвојување и спроведување, следење и оценување на политиките - со оглед на промовирање на еднаквост врз жените и мажите “.

Политиката произлегува како резултат на процесот на креирање политики, преку кој се донесува одлука за тоа што треба да се постигне со политиката, што треба да се направи за да се постигне тоа, како да се направи тоа на ефикасен и економичен начин, кој треба тоа да го направи итн.

Потребата и влезните точки за вклучување на родова перспектива во процесот на креирање на политики најчесто не се препознаваат, па како резултат самите политики најчесто остануваат родово слепи.

Денес, родовите перспективи се единствено дел од специфични политики за родова еднаквост и дел од политиките за образование, земјоделство, намалување на сиромаштијата, семејното насилство, подобрување на сексуалното репродуктивно здравје, каде институциите имаат увидено непосредна релевантност од тоа.

Родово слепите политиките не само што носат ризик политиките да не ја постигнат посакуваната цел, туку и ризик од лоша искористеност на веќе ограничените ресурси кои им се достапни на институциите.

За разлика од нив, родово одговорните политики на институциите им овозможуваат во континуитет да ги препознваат, превенираат и ублажуваат можните негативни ефекти на политиките врз жените и мажите, да ги унапредуваат еднаквите можности, како и да се осигураат дека јавните ресурси се користат на инклузивен и правичен начин.

> Овој дел е наменет за учесниците претставници на институциите кои работат во областа на климатските промени со цел нивно запознавање во методите за воведување на родовата перспектива во политиките

Вклучувањето на родовата перспектива во една политика никако не треба да биде површна работа како пополнување образец или шаблон или додавање на фрази како што е "со посебно внимание на жените" и слично. Треба да биде суштински пристап чија што цел ќе биде родовите прашања да станат интегрален дел од процесот.

Внесувањето на родовата перспектива треба да претставува интегрален дел на сите фази на процесот на креирање политики, за да се се осигури дека политиката ги има земено во предвид потребите, приоритетите и интересите и на жените и на мажите.

**Процесот на креирање политики вообичаено се претставува како циклус, кој опфаќа неколку фази:**

### I. Анализа на состојбата и дефинирање на проблемот

Во оваа фаза, потребно е да се постават следните прашања:

1. Дали родовите аспекти се дел од анализата на состојбата?

2. Дали анализата на состојбата дава преглед на статистички податоци за родовите прашања?
3. Кои се специфичните проблеми во секторот и на кој начин овие проблеми ги засегаат мажите и жените?
4. Каде се препознаваат родовите нееднаквости во секторот?
5. Која е причината за ваквите нееднаквости?
6. Кои се потешкотиите и проблемите во обезбедување на родова еднаквоста во секторот кој е предмет на анализа?
7. Кои се импликациите од родовите нееднаквости во секторот?

Во контекст на анализа на политиките од аспект на климатските промени, може да се аплицираат следниве прашања:

- Дали постојат и кои се разликите во ранливоста и адаптивните капацитети на жените и мажите на климатските промени?
- Дали постојат постоечки родови нееднаквости кои се влошуваат од влијанијата на климатските промени?
- Како социјалните и родовите нееднаквости влијаат врз способноста на луѓето да се прилагодат на климатските промени?
- Улоги на жени и мажи во активностите за ублажување / адаптација?
- Дали жените и мажите во подеднаков степен имаат пристап до ресурси (економски, финансиски, физички, природни, други средства)? Кој управува или контролира пристап до овие ресурси? - Нема податоци за поделба на половите на жените и мажите при пристап и контрола на животната средина и ресурсите.
- Кои се ограничувањата (социјални, културни, економски, политички) кои го ограничуваат активното учество на жените во процесот на донесување одлуки во доменот на домаќинствата и заедницата во областа на акциите за климатски промени (ублажување / адаптација)?
- Кои се различните потреби/приоритети на жените и мажите во контекст на акциите за климатски промени (ублажување / адаптација)?
- Податоци за специфичните знаења и вештини на жените и мажите, особено од ранливите групи кои можат да се искористат за да придонесат за активностите за климатски промени (ублажување / адаптација)?

## II. Проценка на влијанието на регулативата/политиката врз родовата еднаквост

Следниве прашања можат да бидат корисни во спроведување на проценката на влијанието на предлогот на законот врз родовата еднаквост, односно дали предлогот на законот ќе има влијание врз родовата еднаквост во однос на:

- вработувањето, работата и работното место;
- платите, финансиските можности;
- можностите за грижа за децата и остварување на рамнотежа помеѓу семејниот живот и работата;
- образованието, обуката и професионално усовршување;
- можности за вработување, условите за вработување и напредување во кариерата;
- учество и влијание во политиката;
- здравјето, можностите за заштита на здравјето и користење на здравствените услуги;
- безбедноста и ризикот од насилство;
- остварување на рекреацијата, хоби и другите области на квалитетно живеење; и
- други области кои би можеле да бидат релевантни за родовата еднаквост.

III. Избор на најдобрата опција и финализирање на предлогот

Вообичаено, како појдовна точка во утврдувањето на можните решенија (опции) се зема опцијата „не прави ништо" („нулта опција"), а анализата на оваа опција има за цел да покаже како постојната ситуација би се развивала доколку Владата не усвои нова регулатива или не воведе дуги мерки. Оваа опција се користи како основа за споредба на другите можни решенија (опции) и подразбира анализа на идните трошоци и придобивки доколку не се преземе активност.
Меѓутоа, „нултата опција" или „не прави ништо" ситуацијата не значи истовремено и не преземање на иницијатива за подобрување на состојбите од родова перспектива. Затоа во поставувањето на проблемот и утврдување на целите, клучно е да се знаат можните последици од исклучувањето на родовата перспектива како и начинот на кој тоа би се одразило врз животите на жените и мажите.
„Нултата опција" може да е решение во случаите кога анализата на состојбите покажала дека регулативата која се занимава со родовата еднаквост е на сосема задоволително ниво, но проблемот се јавува поради некои други клучни фактори, како што се: не имплементација на законските решенија, несоодветна корелација помеѓу регулативата за родова еднаквост или останатите законски решенија со различни области на дејствување во општеството, непостоењето на соодветно развиени механизми и алатки за имплементација на регулативата, недоволно развиена јавна свест за важноста на конкретното прашање и сл.

## III. Имплементација на политиката, следење и евалуација

Следењето е процес во кој се собираат податоци за спроведување на регулативата, без при тоа да се оценува нејзината ефективност. Министерствата подготвуваат годишни извештаи за реализација на програмите и постигнатите резултати предвидени со нив. Органите на државната управа се должни, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи. Клучна улога во овој процес имаат координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите во органот на државната управа, кој е должен еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, да достави извештај за работата до Министерството за труд и социјална политика, што се објавува и на веб страницата на органот на државната управа.
Министерството за труд и социјална политика доставува годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите до Владата, најдоцна до крајот на јуни за претходната година.
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите редовно го информира Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите, ја следи примената на основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор и го следи системот на мерки за отстранување на нееднаквот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Министерството за труд и социјална политика.

Процесот на креирање политики вообичаено се претставува како циклус, кој опфаќа неколку фази:

I. Анализа на состојбата и дефинирање на проблемот
II. Проценка на влијанието на регулативата/политиката
III. Избор на најдобрата опција и финализирање на предлогот
IV. Имплементација на политиката, следење и евалуација

Табелата подолу ги опфаќа деталите на Чекорите за воведување на родовата перспектива во политиките кои може да се примента при креирање на политики за климатски промени и во делот на митигацијата и во делот на адаптацијата.

Табела 1: Чекори за воведување на родовата перспектива во политиките

| Фаза | Идентификација/ формулација | Имплементација | Мониторинг/Евалуација |
|---|---|---|---|
| Цел | Креирање и развој на родово одговорни цели и активности.<br>Идентифукуваните разлики, потреби и препреки, улоги врз основа на пол да се рефлетираат во целите и активностите. | Да се користи отворениот метод на координација (multistakeholders) - преку вклучување на интситуционални родови механизми, НВО сектор од областа на родовите прашања, како и други главни чинители во зависност од целите на политиката (академија, бизнис сектор итн.)<br>Да се искористат резултатите од претходно направена родова анализа во областа која е цел на креирање на политиките.<br>Да се креираат методи за еднаков пристап на жените и мажите, учество и еднакви бенефити од политиките. | Да се креираат родови индикатори за мерење на целите на политиката.<br>Да се креираат методи за мониторинг и известување на родовото влијание на политиката. |
| Клучни активн ости | Да се идентификуваат сите аспекти на политиката каде родовата димензија е потребна, можна или мандаторна | Да се користи отворениот метод на координација (multistakeholders) - преку вклучување на интситуционални родови механизми, НВО сектор од областа на родовите прашања, како и други главни чинители во зависност од целите на политиката (академија, бизнис сектор итн.)<br>Да се направи подетална анализа на конкретното поле, област<br>Консултирање на достапните статистики, литература од областа (релевантни политики од областа на родовата еднаквост), спроведување квалитативна анализа (интервјуа, фокус групи, консултации, дискусии итн.) | Собирање на родово поделени податоци за време на имплементацијата на политиката.<br>Мерење на резултатите на начин кој ќе прикаже дали проектот има влијание на родовата еднаквост (перспектива) |
| | Да се обезбедат родово поделени податоци и анализи, како и други квантитативни и | Консултирање на достапните статистики, литература од областа (релевантни политики од областа на родовата еднаквост), спроведување квалитативна анализа (интервјуа, фокус групи, консултации, дискусии итн.) | Собирање на родово поделени податоци за време на имплементацијата на политиката. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | квалитативни информации за увид во ралзичните родови улоги, препреки, потреби и приоритети. | | |
| | Креирање и развој на родово одговорни цели и активности, креирани врз основа на фазата на собирање податоци и анализа. | Да се креираат модели и методи кои ќе овозможат учество на обата пола подеднакво во активностите на политиката. | Да се следи учеството на жените во активностите на политиката. |
| | Идентификуваните родови потреби и разлики соодветно да бидат рефлектирани во активностите на политиката. | Да се предвидат родово сензитивни методи кои ќе обезбедат учество на жените во активностите (транспорт, превод).<br><br>Да се таргетираат одредени можни пречки (правни, културни, социјални бариери) кои би оневозможиле учество на жените во креираната политика.<br><br>Да се пристапи кон НВО скеторот кој работи на областа на родовата еднаквост, со цел поголема достапност до жените како таргет група на политиката. | |
| | Да се обезбеди учество на жените во сите активности кои се дизајнирани и таргетираат популација. | | Собирање на родово поделени податоци за време на имплементацијата на политиката. |
| | Да се поставаат родови имдикатори за мерење на влијанието на политиката. | Да се консултираат родовите механизми или родови кесперти во креирање на родови индикатори.<br><br>Да се спроведе обука за воведување на родовата перспектива во политиките за лицата кои ке работат на имплементација на политиката. | |

## V. Политики за климатските промени

### А. Институционална рамка за климатски промени:

Министерството за животната средина и просторно планирање (МЖСПП) е институцијата одговорна за политики за климатските промени, национална тело за контакт кон Рамковната конвенција на ОН за климатските промени (UNFCCC) и е назначен национален орган за спроведување на Протоколот од Кјото.

Овој дел е наменет за учесниците претставници на институциите кои работат во областа на климатските промени со цел нивно запознавање во методите за воведување на родовата перспектива во политиките

Други министерства кои имаат одговорности во однос на климатските промени се:

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Министерството за економија,
Министерството за транспорт и врски,
Министерството за здравство и
Министерството за финансии.
Канцеларијата на заменик премиерот за економски прашања е одговорна за постигнување на целите за одржлив развој и исто така е национален назначен субјект за Зелениот климатски фонд(GCF).
Националниот комитет за климатските промени е формиран од Владата, и претставува сеопфатна политичка платформа која обезбедув високо ниво на поддршка за развој и реализација на активностите за климатски промени. Се состои од претставници номинирани од клучните засегнати страни т.е. од националните институции, академските институции, приватниот сектор и граѓанското општество и координаторите за климатски промени кои се назначени во министерствата.
Техничката група во Советот за одржлив развој, како и други главни засегнати страни од владата и од граѓанското општество, исто така учествува во процесот на креирање на политиките поврзани со климатски промени.
Национално одговорно лице за контакт кон Рамковната конвенција на ОН за климатските промени: Теодора Обрадовиќ Грнчаровска, Државен советник за климатски промени, Министерство за животна средина и просторно планирање
Меѓународните институции и донатори, особено Глобалниот фонд за животната средина (GEF) и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), обезбедија финансиска и техничка поддршка за процесот на известување.

Република Македонија е: Страна која не припаѓа на анексот 1 на Рамковната конвенција на ОН за климатските промени (УНФЦЦЦ) (Службен весник на РМ – 61/97),
го ратификуваше протоколот од Кјото (Службен весник на РМ - 49/04) и Амандманот од Доха на Протоколот од Кјото (2019)
го усвои Договорот од Копенхаген (2009)
го ратификуваше Договорот од Париз (2017).

Иако Република Македонија е земја која не е во Анекс I во УНФЦЦЦ, таа исто така е и земја кандидат за членство во ЕУ, и поради тоа мора да се придржува до Политиката на ЕУ за клима и енергија, со што всушност ги презема обврските за земјите кои се дел од Анекс I.
Исто така, учествува во Договорот за Енергетската заедница, кој брзо напредува во спроведувањето на регулативите на ЕУ за мониторинг, известување и верификација на стакленички гасови и презема чекори за справување со климатските промени.

## Б. Правната рамка за климатски промени

Главна рамка дадена во Законот за животната средина, кој содржи член за изработката на национални инвентари на стакленички гасови.
Други закони, подзаконски акти и стратегии кои содржат аспекти поврзани со ублажувањето на климатските промени:
Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија за периодот 2008-2020 со Визија до 2030 (2010),
Стратегијата за обновлива енергија на Македонија до 2020 (2010),
Стратегијата за енергетска енергетската ефикасност на Република Македонија до 2020 (2010), и
Третиот акциски план за енергетската ефикасност (EEAP) на Република Македонија (2016-2018).
Во рамките на инструментот на ЕУ за финансирање на претпристапна помош (ИПА II) програмиран е проект за подготовка на закон и стратегија за климатските промени и тој ќе биде усогласен со Рамката за клима и енергија на ЕУ до 2030 година.

Известување кон Рамковната конвенција за климатски промени: Процесот за подготовка на Националните планови и Двогодишните извештаи за UNFCCC го предводи Министерството за животна средина и просторно планирање.
Во рамки на тој процес се изработени следните документи:

Прв национален план за климатски промени (2003)
Втор национален план за климатски промени (2008)
Трет национален план за климатски промени (2013)
Соодветни национални придонеси за климатски промени (2015)
Прв двогодишен извештај за климатски промени (2015)
Втор двогодишен извештај за климатски промени (2017)

## В. Национална и стратешка рамка за климатски промени.

Правото на секој граѓанин да живее во здрава животна средина е обврска за државата која произлегува од највисокиот законодавен акт **Уставот на Република Северна Македонија**, односно член 43 каде стои дека “Секој човек има право на здрава животна средина.” Уставот и сите ратификувани меѓународни инструменти ја обврзуваат Владата да креира политики и истратешка рамка со која ќе им обезбеди здрава животна средина на секој граѓанин. Тоа значи дека државата е потребно да презема мерки преку кои ќе се справи и ќе ги намали штетните влијанија од климатските промени.

Постојните стратешки документи од областа на климатските промени од една страна, и родовата еднаквост и недискриминација од друга страна, не предвидуваат посебни мерки за обезбедување и промовирање на вклучување на родовите аспекти во главните политики во климатските промени. Националната стратешка рамка за род и климатки промени опфаќа: **Закон за еднакви можности на жените и мажите; Закон за забрана и заштита од дискриминација; Стратегија за воведување на родово одговорно буџетирање во Република Северна Македонија; Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020; Стратегија за родова еднаквост 2013-2020, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Северна Македонија 2010-2020 и нивните оперативни и оперативни планови; Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020; Закон за заштита на природата; Закон за животна средина; Стратегија за следење на животната средина; Стратегија за комуникација со животната средина; Стратегија за свесност за животната средина.**

Носечката правна рамка за еднакви можности, **Законот за еднакви можности на жените и мажите** не предвидува мерки за воведувањето и практиката на еднакви можности поврзани со животната средина и климатските промени. Областите кои се офатени со овој закон, според член 5 став 1 детерминира основните мерки за постигнување на принципот на еднакви можности во различни социјални сфери на живеење, како и еднаков пристап до стоки и услуги, но не ги зема предвид животната средина и климатските промени како посебна област на интерес.

**Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020**, **Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020** не ги опфаќаат климатските промени и животната средина од аспект на родовите прашања и права, ниту пак дефинираат мерки поврзани со климатските промени, заштитата на животната средина и сродните прашања од родов аспект.

**Законот за земјоделство и рурален развој** (Службен весник на РМ бр.49 / 2010; 53/2011, 126/2012, 15/2013 и 69/2013) воведува родова компонента во чл. 89 став 4 со следната одредба: "Граѓански организации за заштита на животната средина, земјоделски производители, младите и жените во руралните средини мора да бидат застапени со најмалку 50% во ЛАГ за развој на руралните области". Сепак, ова претставува само една самостојна мерка, која не е вклучена во развиен систем одредби за вклучување на жените во девот на митигација и адаптација, но е пред се поврзана со учеството на жените во вонистутуционалните формации на здружување.

Во исто време, МЖСПП го воведе родовото одговорно буџетирање во областа на животната средина во соработка со Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика. Имено, оваа мерка не претставува типична стратегија ниту иницијатива за родово одговорно буџетирање, но претставува една мерка за воведување на родова компонента во проектот за заштита на животната средина, финансиран од МЖСПП, со обврска на апликантите да ги претстават во своите проекти според критериумите на МЖСПП Инвестициска програма за животна средина 2019 за поддршка на проекти во следните 3 години.

Стратегијата за животна средина и климатски промени 2014-2020 е родово слепа, почнувајќи од неконсултирањето на правната и стратешката рамка за еднакви можности, до недавање на податоци поделени по пол за жителите на република Северна Македонија, што претставува отсуство на основна родова компонента и сенс за истата.

Стратегијата за подобрување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020 година не обезбедува родово сензитивни, ниту родово одговорни мерки и е родова слепа. Стратегијата ги посочува ранливите групи на семејства во јазот на реалната и регулирана цена на електричната

енергија која треба да се надмине, а тој процес ќе биде проследен и со воспоставување на социјален пакет за ранливите групи на семејства (што не е дополнително дефинирано).
Отсуството на родот во сферата на климатските промени, во деловите за превенција, заштита, митигација, адаптација, би претставувало закана за човековите права од страна на институциите заради непостапување во насока на соодветна грижа за ранливите категории граѓани.
МЖСПП подготви нацрт-акционен план за родова еднаквост и адаптација/ублажување на климатските промени (АПРЕАМ), кој е дел од првиот двегодишен извештај кон UNFCCC.

## VI. Меѓународна и национална стратешка рамка за род и климатски промени

Презентацијата на стратешката рамка, глобална и национална, е неопходна за да можат учесниците на обуката да се запознаат со политиките кои постојат за родот и климатските промени и кои ќе им послужат како насоки за превземање на идни активности за справување со климатските промени.

### Меѓународни стандарди за род и климатски промени

| | | |
|---|---|---|
| Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ООН) | Ги поставува основите за не-дискриминација и еднакви права и можности, но и ја нагласува потребата за воведување на родова димензија во катастрофите и климатските промени преку усвојување на конкретни, соодветни за националните контексти политики, стратегии, буџети и други мерки.<br>Обезбедува можност жените да ги претставуваат нивните влади на меѓународно ниво и да учествуваат во работата на меѓународните организации;<br>Членовите 13 и 14:<br>Обезбедуваат еднакви права на банкарски заеми, хипотеки и други форми на финансиски кредити/заеми;<br>Обезбедува дека жените во руралните средини можат да учествуваат во и да имаат корист од руралниот развој; учествуваат во развојот и планирањето на сите нивоа; да добијат обука, образование и услуги за проширување; имаат пристап до земјоделски кредити и заеми, соодветна технологија; да бидат третирани подеднакво во аграрните реформи. | 1979 |
| Конференција на ООН за животна средина и развој (UNCED) | Воведена родова перспектива (родово-поделени податоци, анализи, родово одговорни цели и активности), како и родово одговорен мониторинг во сите политики и програми за развој, животна средина и користењето на природните ресурси | 1992 |
| Агендата 21 - усвоена на Конференција на Обединетите Нации за животна средина и развој, во Рио де Жанеиро. | Дури и дваесет години по поставувањето на Агендата 21, жените сè уште се силно препознаени како ранлива група и остануваат една од целите на одржливиот развој, наведени во Одржливата цел 5. Поглавјето 24, насловено како "Глобална акција за жените кон одржлив развој", ги повикува владите да ги направат потребните уставни, | 1992 |

| | | |
|---|---|---|
| | правни, административни, културни, социјални и економски промени со цел да ги отстрани сите пречки за целосно вклучување на жените во одржливиот развој и во јавниот живот.<br>Агендата 21 ја препознава важноста на знаењето и традиционалните практики на жените, и го нагласува Придонесот на жените за конзервација на биодиверзитетот (Дел 24.2) | |
| Рио Декларација за животна средина и развој | Принцип 20: Жените имаат витална улога во управувањето и развојот на животната средина. Затоа, нивната целосна вклученост е од суштинско значење за постигнување одржлив развој | 1992 |
| Конвенција за биодиверзитет | Промовира знаење и практики на жените во конзервација и одржливо користење на биолошката разновидност во земјоделскиот сектор. Промовира родови-специфични начини за документирање и зачувување на женското знаење за биолошката разновидност. Повикува на родов баланс во различни тела. Се укажува на родовото и културното влијание на туризмот. | 1992 |
| Рамковна Конвенција на Обединетите Нации за Климатски Промени | Родовиот концепт во оваа Конвенција е воведен во 2005. Го одржува фокусот на родовите и климатските промени со Парискиот договор, во кој се наведува дека "Страните треба, кога преземаат активности за справување со климатските промени, да ги почитуваат, промовираат и да ги разгледуваат нивните обврски за човековите права, правото на здравје, народи, локални заедници, мигранти, деца, лица со посебни потреби и луѓе во ранливи ситуации и правото на развој, како и родова рамноправност, зајакнување на жените и меѓугенерациска еднаквост ".<br>Донесува цел за родов баланс во тела основани од Конвенцијата и Протоколот од Кјото, со цел да се подобри учеството на жените и да се креираат повеќе ефективни политики за климатски промени кои ги рефлектираат потребите на жените и мажите подеднакво.<br>Повикува процесот на националниот план за прилагодување да биде родово чувствителен.<br>Повикува на Зелениот климатски фонд да промовира еколошки, социјални, економски и развојни придобивки и да се примени родово чувствителен пристап. Родовата еднаквост е воведена во Националните Планови за Адаптација како водечки принцип. | 1994 |
| Пекиншка Платформа за Акција | Стратешка цел К:<br>Ја идентификува животната средина (деградација на животната средина – во корелација со сиромаштијата) како стратешка област. Идентификува родова перспектива во управување со природни ресурси, родова нееднаквост во справувањето со природни катастрофи, деградација на | 1995 |

| | | |
|---|---|---|
| | животната средина, родови разлики при влијанието на environmental hazards (во делот на здравјето), | |
| United Nations Convention to Combat Desertification 1996 | Ја истакнува важната улога на жените во регионите погодени од десертификација и / или суша, особено во руралните области на земјите во развој и важноста на обезбедување на целосно учество на мажите и жените во сите нивоа.<br>Повикува на национални акциони програми кои го зголемуваат учество на локалното население и заедници, вклучувајќи ги и жените, земјоделците и сточарите, како и делегирање на поголеми одговорности за управување на овие таргет групи. | 1994; имплементацијата започна во 1996 година. |
| Милениумски Развојни Цели | Обезбедува еднакви права и можности за жени и мажи; промовира родова еднаквост и зајакнување на жените, како ефективни начини за борба против сиромаштијата, гладот и болестите и да се стимулира развој кој е навистина одржлив; и гарантира дека придобивките од новите технологии, особено информациите и комуникациските технологии ... се достапни за сите. | 2000 |
| Светски Самит за Одржлив Развој | Повикува за вклучување на родовите перспективи во сите политики и стратегии, елиминација на сите форми на дискриминацијата врз жените и подобрувањето на жените статусот, здравствената и економската благосостојба на жените и девојките преку целосен и еднаков пристап до економски можности, земјиште, кредити, образование и здравствени услуги | 2002 |
| RIO + 20 | Потврдува дека политиките за зелена економија во контекст на одржлив развој и искоренување на сиромаштијата треба да бидат реализирани преку целосна мобилизација на жените, подобрување на нивната економија за да се обезбеди еднаков придонес и на жените и на мажите.<br>Го истакнува потенцијалот на жените како двигатели на одржлив развој, вклучително и преку укинување на дискриминаторски закони и отстранување на формални бариери.<br>Се обврзува активно да промовира собирање, анализа и употреба на родово сензитивни индикатори и родово поделени податоци. | 2012 |
| Агенда за одржлив развој 2030 | Во Агендата за одржлив развој-2030 година, земјите-членки ја изразуваат својата посветеност да ја заштитат планетата од деградација и да преземат итна акција за климатските промени. Агендата, исто така, во својот став 14 ги идентификува климатските промени како „еден од најголемите предизвици на нашето време“ и се грижи за | 2015 |

| | | |
|---|---|---|
| | „неговите негативни влијанија ја поткопуваат можноста на сите земји да постигнат одржлив развој. “.<br>Целта за одржлив развој 13 има за цел да „преземе итна акција за борба против климатските промени и нејзиното влијание“, истовремено признавајќи дека Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени е примарен меѓународен, меѓувладин форум за преговори за глобалниот одговор на климатските промени.<br>Поточно, придружните цели на SDG 13 се фокусираат на интеграција на мерките за климатски промени во националните политики, подобрување на образованието, подигнување на свеста и институционален капацитет за ублажување на климатските промени, адаптација, намалување на влијанието и рано предупредување. Придружните цели на SDG 13, како што е 13Б, бара од државите да се насочат кон промовирање на механизми за подигање на капацитет за ефективно планирање и управување со климатските промени, вклучително и фокусирање на жени, млади и локални и маргинализирани заедници. | |

# Сесија 3: Родовите улоги во сектори релевантни за климатските промени



## *Родовите улоги во сектори релевантни за климатските промени*

### Родови разлики и улоги во сектор енергија

Дефинирањето на родовите улоги во искористувањето на енергијата во домаќинствата претставува (меѓу другите аспекти) основа за увид во состојбата со цел креирање ефективни и ефикасни политики за ублажување на климатските промени.
Имено, постои сериозен недостаток на податоци, родово базирани анализи и идентификување на разлики врз основа на род по однос на искористување на енергија во домаќинствата.
Во таа насока, во оваа сесија на обуката, ќе се направи осврт на родовите улоги, со цел запознавање на учесниците со клучните разлики, заради зајакнување на нивните капацитети во идентификувањето на мерките кои треба да се дефинираат секторски на национално ниво.
Имено, според неколку истражувања се идентификува силна дефинираност на употребата на енергијата во домаќинствата врз основа на родовата поделба на трудот во истите.
Во прилог се пренесуваат клучните разлики:

| | |
|---|---|
| **Родови разлики и улоги во сектор енергија** | ❖ Помалку жени (од мажи) во сектор енергетика: инжинери, вработени и на раководни позиции |
| | ❖ Жените имаат помалку финансиски ресурси да инвестираат во нови технологии |
| | ❖ Жените се обично се посиромашни и повеќе изложени на ризик од енергетска сиромаштија |
| | ❖ Жените се поспремни да го жртвуваат своето време за да извршуваат обврски во домот кои би ги намалиле трошоците на енергија |
| | ❖ Во земјите со традиционален родов карактер најчесто мажите одлучуваат кога и каков тип на апарати ќе се купат (користат), односно каков тип на енергија ќе се користи за загревање на домот |
| | ❖ И мажите и жените подеднакво сметаат дека мерките за енергетска ефикасност се добар начин за да се справат со енергетската сиромаштија. Мажите се подобро информирани и проактивни од жените за поставувањето вакви мерки, додека пак жените се позаинтересирани за заштедата од овие мерки |
| | ❖ Родовите разлики се воочуваат и во пристапот кон енергетските реформи, со тоа што мажите се поинформирани од жените за енергетските реформи |
| | ❖ Стапката на сиромаштија е поголема кај семејствата со самохрани мајки што се рефлектира во нивна енергетска сиромаштија. Тие треба да се особено таргетирани во националните напори за митигација и субвенции |
| | ❖ Енергетската сиромаштија е најизразена кај жените кои живеат сами и се на возраст 65+ со фиксни примања |
| | ❖ Заинтересираноста за енергетските реформи во насока на енергетска ефикасност е изразена кај жените но немаат доволно знаења за нивна примена |
| | ❖ Системите за комуникација и информирање за енергетски реформи треба посебно да ги таргетираат жените. |

## Родови разлики и улоги во сектор земјоделство

Земјоделството е најдиректно погодено и целосно зависно од климатските промени и негативните влијанија со тоа што земјоделските култури и добитокот се осетливи и на најмали климатски варијации. Во таа насока, мора да се нагласи состојбата со земјите во развој, чие земјоделство е исклучително зависно од временските услови, врнежи и влијаат на садењето, проширувањето на болести, зголемена изложеност на топлински стресови, промени на врнежите, ерозија заради зголемени врнежи итн.

Од друга страна земјоделството има влијание на климатските промени, најчесто преку замената на традиционалните мали земјоделски техники во големи системи на одгледување.

Родовата перспектива во секторот земјоделство е особено изразена, почнувајќи од родовата поделба на трудот (вертикална и хоризонтална во областа земјоделство), нееднаквиот пристап до продуктивните ресурси, можности, информативни системи, но и подлабоко во родовите стереотипи на улогите на жените и мажите во семејството и во делот на работењето, пристапот до образование, социјална заштита, банкарски услуги, поделба на сопственост (земјоделско земјиште) итн.

| | |
|---|---|
| **Родови разлики и улоги во сектор земјоделство** | ❖ Во земјоделските активности жените се најчесто застапени како неплатени работници на семејните фарми и како платени или неплатени работници на други фарми и земјоделски претпријатија. Најчесто се вклучени во одгледување на растителни култури и добиток за свои потреби и за комерцијални потреби. Произведуваат храна и се често вклучени во мешани земјоделски операции |
| | ❖ Климатските промени и нивните негативни ефекти влијаат на пристапот до вода за консумирање и вода за наводнување на земјоделските површини. Тоа е директно поврзано со женскиот труд во семејството – хигиена, готвење за домот или наводнување за одгледување на одредени видови култури – претежно во близина на домот |
| | ❖ Поседувањето имот/земјиште е еден од позначајните проблеми во делот на земјоделството. Жените традиционално не стануваат наследници на имотот/земјоделската површина што резултира со нивна неможност да управуваат со финансиите |
| | ❖ Податоците покажуваат дека тие се само 11% од сопствениците на земјоделските стопанства. Тоа оневозможува нивен пристап до банкарски услуги, заеми, кредити како би пристапиле до средства во насока на митигација или адаптација. |
| | ❖ Во секторот земјоделство жените имаат генерално помала контрола на земјата и добитокот (сопственост), многу помалку користат подобрени семиња, помалку набавуваат поквалитетни ѓубрива, и помалку користат банкарски услуги како кредити и заеми, односно имаат помал удел во искористувањето на сервисите/мерките за проширување |
| | ❖ Грижата за зависни членови во семејството ги оневозможува жените да бидат поприсутни на пазарот на трудот, но, инфаструктурната (не)пристапност и оддалеченост на социјални, здравствени и образовни сервиси уште повеќе ја отежнува нивната работа во домот, поминувајќи долго време да се дојде до овие сервиси |
| | ❖ Жените традиционално се чувари на културното наследство и знаење за употреба на природните ресурси во здравствен третманот/ заздравувањето, готвењето итн |

| | |
|---|---|
| | ❖ Тие се повеќе се занимаваат со производство на зеленчук, но вклучени се и во производството на млечни производи, т.е. преработка на млечни производи и овошје и зеленчук |
| | ❖ Тие се помалку застапени во активности за искористување на природните ресурси, како што се шумарство, лов, риболов |
| | ❖ Жените се помалку застапени во донесувањето одлуки и процеси на донесување одлуки на локално ниво (и се помалку добро информирани за локалните политики). |
| | ❖ Образовната структура и пристапот до образование за руралните жени е значаен фактор во зајакнување на улогата на жената во земјоделството |
| | ❖ Жените поретко користат подобрени семиња и/или ѓубрива, механика и алати. |
| | ❖ Жените помалку доаѓаат до информациите поврзани со новите технологии во делот и на ублажување и адаптација |

## Родови разлики и улоги во сектор транспорт

Во Република Северна Македонија уделот на транспортот во финалната потрошувачка на енергија се зголемил од 24% во 2012 на 32,5% во 2015 година. Од трите поткатегории (патен, железнички и воздушен сообраќај), најдоминантен е патниот сообраќај, со 97% учество. Најголем удел во патничките моторни возила имаат патничките автомобили - 87%. Гледано од аспект на емисиите на стакленички гасови, транспортот учествува со 13% во вкупните национални емисии во 2014 година, а со 20,5% во емисии од секторот енергетика. Во последните години се забележува растечки тренд на емисиите од оваа категорија, па така во 2014 година емисиите се за 3,6% поголеми во однос на 2013 и за 16,4% поголеми споредено со 2012 година. Со оглед на тоа што патниот транспорт е најголем извор на емисии на стакленички гасови (речиси 99%) од транспортниот сектор, мерките и политиките за намалување на емисиите во главно треба да се насочени кон овој вид на транспорт. Овие политики и мерки во главно треба да бидат насочени кон зголемување на ефикасноста на возилата и електрификација на транспортот.

| | |
|---|---|
| Родови разлики и улоги во сектор транспорт | ❖ И мажите и жените го користат транспортот како инструмент за пристап до економски можности. |
| | ❖ Покрај пристапот до пазарот на трудот, жените го користат транспортот и како начин да се грижат за домот и семејството. |
| | ❖ Мажите најчесто го користат автомобилот како превозно средство, а жените јавниот превоз. Затоа јавниот превоз треба да одговара на потребите, приоритетите на жените. |
| | ❖ Жените најчесто работат на послабо платени работни места и сектори и се лимитирани во пристапот до финансии и кредити за да можат да купат сопствен автомобил. |
| | ❖ Мажите најчесто се сопственици на имотот и имат подобри платени работни места што им овозможува пристап до кредит за нов или половен автомобил. |
| | ❖ Жените многу повеќе ги прифаќаат еколошките модели на мобилност (пешачење, возење велосипед) |

| | |
|---|---|
| | ❖ Жените почесто ги носат одлуките за транспорт врз основа на неговата безбедност, додека мажите го избираат начинот на транспорт врз основа на брзината. |
| | ❖ Користејки го автомобилот како превозно средство, мажите заштедуваат време а жените со користењето на јавниот превоз речиси е невозможно да заштедат време |
| | ❖ Економскиот и социјален статус и живот на жените и мажите влијае на нивните различни транспортни потреби и користењето на транспортните услуги. |
| | ❖ Транспортната инфраструктура и услугите не треба да бидат гледани како "родово неутрални". |
| | ❖ Родово одговорното буџетирање треба да биде вклучено во креирањето на буџетските политики и програми во секторот транспорт. |
| | ❖ Непостоењето на родово разделени податоци во секторот транспорт оневозможува изработка на детални анализи кои ќе покажат каква е состојбата со родовата еднаквост во оваа област |

## Девојки во техничките науки

Науката традиционално е поле во кое доминирале мажите, со некои значајни исклучоци. Жените историски се среќавале со дискриминација во науката, како што било и во останатите области во кои доминирале мажите, постојано биле прескокнувани за работни можности и ниту пак им ги признавале нивните заслуги. Достигнувањата на жените во науката било припишано на нивното противење на матрицата во која општеството ги става жените и нивната традиционална улога како извршувачи на домашните обврски.

| | |
|---|---|
| **Родови разлики и улоги во техничките науки** | ❖ Општествените и културните норми поврзани со традиционалната улога на жената во општеството претставува пречка за поголеми достигнувања на жените во науката |
| | ❖ Девојчињата покажуваат поголем интерес кон природно математичките науки, но момчињата покажуваат поголема сомодоверба |
| | ❖ Постои родов дисбаланс во работната сила од областа на техничките науки и ИКТ сектрот, особено на менаџерските позиции. |
| | ❖ Девојките кои студираат на природно математичките и ИТ факултети најчесто избираат својата кариера да ја продолжат во секторот образование, а момчињата во ИТ индустријата. |
| | ❖ Иако жените се повеќе се вклучуваат во претприемништво, сепак процентот на компании водени од жени во ИТ секторот е сеуште мал. |

# Сесија 4: Воведување на родова перспектива во процесите на ублажување и прилагодување



## Воведување на родовата перспектива во процесите на прилагодување или "адаптација"

**Прилагодувањето или "адаптацијата"** кон климатските промени претставува процес на прилагодување кон реалната или очекуваната клима и нејзините ефекти. Во човечките системи, адаптацијата се обидува да ги намали или избегне штетите, односно да најде начини за искористување на постојните можности. Во некои природни системи, човечката интервенција може да го олесни прилагодувањето на очекуваната клима и нејзините ефекти ". (Intergovernmental Panel on Climate Change (IPCC). Потребата за адаптација варира од место до место, во зависност од чувствителноста и ранливоста на влијанијата врз животната средина. Адаптацијата е особено важна во земјите во развој со оглед на тоа што се предвидува дека овие земји ќе го носат товарот на ефектите од глобалното затоплување. Капацитетот и потенцијалот на луѓето да се прилагодат (наречен прилагодлив капацитет) е нерамномерно распределен низ различни региони и популации, а земјите во развој генерално имаат помал капацитет за прилагодување. Приспособливиот капацитет е тесно поврзан со социјалниот и економскиот развој. Предизвикот за прилагодување расте со големината и стапката на климатските промени.

Меѓувладиниот панел за климатски промени (IPCC) процесот на адаптација го дефинира како:
„ … прилагодувања во еколошките, социјалните или економските системи како одговор на реалните или очекувани климатски стимули и нивни ефекти или влијанија. Овој термин се однесува на промени во процеси, практики, и структурите со цел модерирање на потенцијалните штети или со цел да имаат корист од можностите поврзани со Климатските промени."

Извор: IPCC, 2001 година**.**

**Клучни пораки:**

- **Ранливите категории граѓани мора да бидат земени предвид и подготвени за ефектите на климатските промени,**
- **Стратегиите за адаптација ќе бидат поефективни доколку процесите на одлучување ги земаат предвид негативните влијанија кон сите групи/категории граѓани погодени од нив,**
- **Стратегиите за адаптација ќе бидат поефективни доколку процесите на одлучување ги земаат предвид разликите во негативните влијанија поради постојните родови разлики,**
- **Стратегиите за адаптација мора да го вклучат "женското знаење" и потенцијал со цел целосно искористување на човешкиот капитал во насока на приспособување.**
- **Родовите нееднаквости (социјални) допринесуваат кон зголемена ранливост и подложност на ризик**

## Родово одговорно планирање на политиките за прилагодување.

Националните планови за адаптација (НАП) имаат за цел:

а) Да се намали ранливоста од влијанијата на климатските промени, преку градење на прилагодлив капацитет и отпорност;

(б) да се олесни интеграцијата на адаптацијата кон климатските промени, на кохерентен начин, во соодветните нови и постојни политики, програми и активности, особено процеси и стратегии за планирање на развој, во сите релевантни сектори и на различни нивоа, како што е соодветно (Одлука 5 / CP.17, став 1).

> **Програмите за прилагодување кои се родово слепи се потенцијално штетни за развојот поради тоа што имаат тенденција влошување на постојната нееднаквост. Во однос на ранливоста од климатските промени, ова значи дека ранливоста кај мажите може да се намали додека кај жените остануваа иста или дури се зголемува.**
>
> “GENDER, CLIMATE CHANGE AND COMMUNITY-BASED ADAPTATION A GUIDEBOOK FOR SIGNING AND IMPLEMENTING GENDER-SENSITIVE COMMUNITY-BASED ADAPTATION ROGRAMMES AND PROJECTS, UNDP, 2010

Во одлуката 5 / CP.17, став 3, како еден од водечките принципи кои ќе доведат до засилената акција за адаптација треба да има пристап кој ќе ги зема предвид националните карактеристики, да биде родово – сензитивен пристап, отворен и целосно транспарентен, земајќи ги предвид ранливите групи, заедници и еко-системи.

Дефиницијата за родово одговорен НАП како програма треба да ги додржи следниве елементи:
(i) ги препознава родовите разлики во потребите за прилагодување, можностите и капацитетите;
(ii) обезбедува правично/еднакво учество и влијание на жените и мажите во процеси на донесување одлуки за политиките за адаптацијата; и
(iii) обезбедува родова рамноправност или еднаков пристап до финансиските ресурси и други придобивки што се резултат на инвестициите за адаптација (Dazé, A. and J. Dekens, 2017).

Во овој контекст треба да се нагласи дека жените се поранливи од негативните влијанија на климатските промени (и консеквентно мора да бидат земени предвид при акциите за адаптација) пред се поради социјалните родови улоги кои ги имаат во семејствоти и општеството.

- **Ограничен пристап до финасии**. Во земјите со традиционален родов карактер, жените сеуште имаат ограничен пристап до земјиште, добиток односно можности за кредити. Поседувањето имот/земјиште е еден од позначајните проблеми во делот на земјоделството. Жените традиционално не стануваат наследници на имотот/земјоделската површина што резултира со нивна неможност да управуваат со финансиите. Од друга страна податоците покажуваат дека тие се само 11% од сопствениците на земјоделските стопанства. Тоа оневозможува нивен пристап до банкарски услуги, заеми, кредити како би пристапиле до средства во насока на ублажување или адаптација.
- **Родова поделба на трудот и пристап до природните ресурси**. Негативните влијанија на климатските промени го отежнуваат пристапот на жените до природните ресурси. Во секторот земјоделство жените имаат генерално помала контрола на земјата и добитокот

(сопственост), многу помалку користат подобрени семиња, помалку набавуваат поквалитетни ѓубрива, и помалку користат банкарски услуги како кредити и заеми, односно имаат помал удел во искористувањето на сервисите/мерките за проширување. Климатските промени и нивните негативни ефекти влијаат на пристапот до вода за консумирање и вода за наводнување на земјоделските површини. Тоа е директно поврзано со женскиот труд во семејството – хигиена, готвење за домот или наводнување за одгледување на одредени видови култури – претежно во близина на домот.

- Помал пристап до образование и ограничен пристап до информации. Недостаток на образование и пристап до информации. Во земјите во развој сеуште е присутен проблемот на раното напуштање на образовниот систем помеѓу девојчињата, што води до понизок степен на образование, што пак доведува до ограничен пристап до знаење и пристап до информации. Ова дирекно влијае на нивната способност да ги разберат и да дејствуваат согласно информациите за климатски ризици и адаптација.
- Ограничена подвижност. Жените честопати се ограничени и не смеат да ги напуштат нивните заедници (иако миграцијата е механизам за справување што често го користат мажите). Всушност, родовите улоги дефтерминираат забрана за напуштање на домот и извршување на домашни и репродуктивни активности. Останувајќи дома, жените се повеќе погодени од климатските негативни влијание на сите погоре опшишани ограничувања но и приморaност да останат во средините погодени од климатските промени.

Преглед на клучните чекори за воведување на родова перспектива во политиките за адаптација



Табела 2: Примери за родов концепт во мерките за адаптација во делот “Влијание”

| Влијание | Активности | Индикатори |
|---|---|---|
| АДАПТАЦИЈА | | |
| Подобрена отпорност и животни услови на најранливите категории граѓани и региони | Еднаков пристап (% жени/мажи) кои ќе земат учество во активностите за воведување на различните механизми за климатска отпорност (субвенции, информативни настани, обуки итн)<br><br>Учеството на жените до активностите поврзани со пристап сигурни извори за вода, и покрај негативните климатски влијанија (субвенции, информативни настани, обуки итн)<br><br>Учеството на жените во пристапот до resilient земјоделски технологии и практики за клима (субвенции, информативни настани, обуки итн)<br><br>Зголемување на број на работни места на жени во земјоделие (субвенции, информативни настани, обуки итн) | Број (процент) на мажи и жени кои имаат корист од усвојувањето на различни мерки за справување со климатските промени<br><br>• Број на мажи и жени со пристап сигурни извори за вода, и покрај негативните климатски влијанија;<br><br>• Број на домаќинства обезбедени со resilient (Отпорни) домови (поделени по пол)<br><br>• Број на жени-фармери кои ги спроведуваат resilient земјоделски технологии и практики за клима<br><br>• Број на работни места создадени за жените да обработуваат земјоделски производи |

Табела 3: Примери за родов концепт во мерките за адаптација во делот “Резултат”

| Резултат | Активности | Индикатори |
|---|---|---|
| | АДАПТАЦИЈА | |
| Зголемено генерирање и употреба на информации за климатските промени во процесите на донесувањето одлуки | Утврдување на потребите на жените и ранливите групи за услуги/производи во контекст на климатските промени<br>Дефинирање на услуги врз основа на различните потреби на жени/мажи/ранливи категории<br>Проширување на опсегот на сервиси во зависност од потребите | Утврдени потреби на жените и ранливите групи за услуги/производи во контекст на климатските промени<br>Дефинирани и креирани услуги врз основа на различните потреби на жени/мажи/ранливи категории |
| Здравје и благосостојба, и безбедност на храната и водата | Увид во различните потреби на жени/мажи со зголемена изложеност на небезбедна вода или храна или опасности поврзани со здравјето | Дефинирани посебни мерки во зависност од различните потреби |
| Зајакнат капацитет за приспособување и намалена изложеност на климатски ризици | Обезбедување еднаков и зголемен пристап на жените и мажите до системите за рано предупредување и до мерките за намалување на ризици | Број на мажи и жени опфатени од системите за рано предупредување мерките за намалување на ризици |
| Зајакната свест за климатските закани и процеси за намалување на ризикот | Обезбедување еднаков и зголемен пристап до стратегиите за комуникација (настани, обуки, информативни содржини кои таргетираат жени/ранливи категории)<br>Опфат на руралните/одалечени средини | Број на мажи и жени опфатени со мерките за информирање за климатските закани и |

**Вежба:**

**Работа во групи**. По презентациите, да се поделат учесниците во групи и да направат планирање на родово одговорни мерки во делот на адаптација согласно институциите од кадешто доаѓаат. Може да се дадат примери за активности од Националниот план за адаптација или од Потенцијалните мерки за адаптација[3] и истите да се надградат со воведување родово одговорни мерки и активности,или да се реформулираат постојните мерки од родов аспект.

[3] http://www.unfccc.org.mk/content/Documents/Action%20Plans/MK_Anex2TNC.pdf

## Воведување на родовата перспектива во процесите на ублажувањето или “митигација”

**Ублажувањето или „митигацијата“** на климатските промени значи првенствено намалување или спречување на емисиите на стакленички гасови и одржливо користење на природните ресурси. Ова значи употреба на нови технологии и обновливи извори на енергија, употреба на опрема што е енергетска поефикасност или се менува во управување со енергијата и потрошувачката. Мерките можат да бидат комплексни: од урбанистичко планирање на цели градови, до мали интервенции како замена на печки, од изградба на метро до уредување на патеки за велосипеди и пешаци. Во секоја интервенција има родов аспект, но изборот на решенија што се промовираат, финансираат и спроведуваат, исто така, може да зависи тоа до кој степен се родовите разлики и потреби на жените и мажите се земени предвид. Во таа насока, актицностите за ублажување се движат од замена на традиционалните извори кон обновливи извори на енергија, воведување на концептот на енергетска ефикасност и во апаратите и во градбите, зголемување на користењето на транспортни средства кои не загадуваат, рециклирањето, промена на однесувањето и зголемување на знаењето на потрошувачите итн.

Националните Акциони планови за ублажување на климатските промени и Национално дефинираните придонеси кон климатските промени се однесуваат на политиките за ублажување на климатските промени, односно на мерките кои водат до намалување на стакленичките гасови[4].

**Социјално-економската нееднаквост и културните фактори се во директна корелација со способноста на луѓето да се справат и да влијаат или да ги ублажат климатските промени и нејзините негативни ефекти.**

## Родово одговорно планирање на политиките за прилагодување.

Ублажувањето во контекст на климатските промени може да биде ефикасна и ефективна само доколку активностите во рамките на овој процес подеднакво ги таргетираат и жените и мажите, односно само ако политиките на ублажувањета имаат посебни родово одговорни мерки кои го земаат предвид фактот дека жените се ранлива категорија во контекст на климатските промени.

Ублажувањета претставува сет на мерки кои имаат цел да ја намалат емисијата на стакленичките гасови (GHG). Во рамки на постојните национални рамки за климатските промени во делот на ублажување, не постојат родово одговорни цели, мерки, активности итн. Во тој контекст, значајно е да се нагласи Работната Програма за Род од Лима (Одлука 18/CP.20) со која се повикуваат страните да ги разменат искуствата за родово одговорна климатска политика со посебен фокус на ублажувањето и развојот и трансфер на технологии.

Конвенционалниот пристап кон ублажувањета и развој и трансфер на технологии е примарно насочен кон т.н. “climate-first[5]” што би значело дека политиките за ублажување и развој и трансфер

---

[4] Меѓународно прифатена терминологија: GHG = greenhouse gas, INDCs = intended nationally determined contributions, NAMAs = nationally appropriate mitigation actions.

[5] Дефиниција на „climate-first“ е усвоена од Карен Холм Олсен, Работен документ бр. 11, (УНЕП Рисо центар, Данска, 2013).

на технологии се гледаат единствено преку фактичкиот придонес за намалување на стакленичките гасови, преку двата асоцијативни сектори енергија и индустрија кои се најчесто доминирани од мажи. Ова претставува многу ограничен пристап кон вистинската цел на процесот на ублажувањета, поради фактот што ги занемарува различните социјални и економски влијанија и бенефити за жените и мажите, и второ, не го зема предвид женското знаење и придонес во напорите за ублажување на ниво на домаќинство и заедница. Во земјите во развој жените ја имаат носечката улога во користењето на енергијата во домаќинствата, шумските ресурси, земјоделските продукти.

Табела 4: Примери за родов концепт во мерките за митигација во делот “Влијание”

| Влијание | Активности | Индикатори |
|---|---|---|
| МИТИГАЦИЈА | | |
| Подобрен пристап до извори на енергија со ниски емисии | Олеснување на пристапот на жените и претставниците од ранливите групи | Број на домаќинства и поединци (мажи и жени) со подобрен пристап до извори на енергија со ниски емисии |
| Подобрена ефикасност од користењето на енергијата во домот | Мерки за подобрена ефикасност од користењето на енергијата во домот | Број на корисници, односно лица со подобрени услови за живеење и работа,<br>% застапеност на жените сопственици на домаќинствата |
| Подобрен пристап до финансирање за енергетска ефикасност кај малите и средните претпријатија, вклучувајќи ги и оние предводени од жени | Обезбедување еднаков пристап до финансиите за енергетска ефикасност за мажите и жените и за ранливите групи /<br>Олеснување на пристапот на жените до финансиите | Број на мали и средни претпријатија, предводени од жените, кои имаат корист од финансирање обезбедено преку политиките за енергетската ефикасност |

Табела 5: Примери за родов концепт во мерките за митигација во делот “Резултат”

| Резултат | Активности | Индикатори |
|---|---|---|
| МИТИГАЦИЈА | | |
| Зајакнати институционални и регулаторни системи/механизми за планирање и развој на мерки за ниски емисии на штетни гасови | Еднакво учество на жените во процесите на донесување одлуки | % на женското учество во институциите, механизмите за координација и регулаторните тела (рамки) |
| Намалена емисија на CO2 од објекти, градови, индустрија и апарати | Да се овозможи еднаков пристап во активностите предвидени во проектот/програмата (субвенции, информирање) за жени, мажи, ранливи категории | намалени или избегнати емисии на CO2 поради подобрувања во дизајнот на објектите и енергетската ефикасност |
| Зголемена употреба на транспортот со ниска употреба на јаглерод | Да се овозможи еднаков пристап во активностите предвидени во проектот/програмата (субвенции, информирање) за жени, мажи, ранливи категории | Зголемен број патници (жени и мажи) при патувања кои користат транспорт со ниска употреба на јаглерод |

Вежба:

Работа во групи. По презентациите, да се поделат учесниците во групи и да направат планирање на родово одговорни мерки во делот на митигацијата согласно институциите од кадешто доаѓаат. Може да се дадат примери за активности од Националниот планови за митигација и Национално дефинираните придонеси и истите да се надградат со воведување родово одговорни мерки и активности,или да се реформулираат постојните мерки од родов аспект.

# Сесија 5: Зајакнување на Нацрт акцискиот план за род и климатски промени



## Преглед на Нацрт акцискиот  план за род и климатски промени

Во рамките на проектите за климатски промени кои Министерството за животна средина и просторно планирање ги спроведува со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), се подготви Нацрт акциски план за интегрирање на родовите прашања во климатските промени. Истиот предвидува конкретни чекори со кои преку зголемување на знаењето и свесноста на сите релевантни засегнати страни за родовите прашања и за прашањата поврзани со климатските промени, ќе се изградат институционални капацитети за конкретни акции во оваа област, и на ниво на креирање на политики и на нивна имплементација.  Министерството за труд и социјална политика активно учествува во и ги поддржува сите  овие активности.

Во рамки на Првиот двогодишен извештај за климатски промени кон UNFCCC, изработен е Нацрт акционен план за родова еднаквост и адаптација/ублажување кон климатските промени.

Во истиот се идентификувани следните сектори за акција:

- Климатски промени (општо)
- Туризам
- Енергетика и транспорт
- Намалување на ризици и катастрофи
- Здравство
- Земјоделство

Ограничувањата кои се идентификувани во Нацрт Акцискиот План за Род и Климатски промени, можат да се поделат на неколку категории:

- Капацитетот на телата за имплементација се оценува како недоволен/ограничен и е во директна корелација со ниската свест и знаење за родовата димензија на климатските промени. Родовата машинерија на централно и локално ниво (Координатори за ЕМ во министерствата и ЕЛС) не се обучени за климатски промени.

- Отсуство на методологија и систем за собирање на родово поделени податоци. Во моментов не постојат родово поделени податоци во делот и на ублажување и адаптација на програмите кои ги спроведува државата. Стратешките документи кои се однесуваат на животна средина и климатски промени се родово слепи, и иако идентификуваат предлогродови индикатори за мерење и евалуација, истите не се официјално усвоени.

- Отсуство на анализи за родовата перспектива во климатските промени. Досега е направена една анализа за потребите на изработката на Нацрт Акцискиот План за Род и Климатски промени со поддршка на УНДП. Сепак, на институционално ниво, не постојат официјални согледби кои треба да се рефлектираат во политиките за климатските промени.

- Отсуство на политички интерес. Планот идентификува дека не е покажана политичката свест и волја за воведување на родовите аспекти во делот на технологијата порзана со климатските промени.

- Отсуство на интер и меѓу секторска соработка, како на институционално ниво, така и на релација бизнис заедница-влада.

- Финансии. Во делот на ублажувањета (сектор енергија) се согледува отсуство на финансиски конструкции и алокации за намалување на употребата на енергија и цврсти горива за греење во домаќинствата. Во делот на транспорт, се јавува истиот проблем на отсуство на финансии, и даночни олеснувања за зголемување на достапноста на јавниот транспорт и во урбаните и во руралните средини. Итност од воведување на родово одговорно буџетирање во климатските промени.

- Отсуство на системи и стратегии за комуникација (информирање), јакнење на капацитетите (обуки) и финансиска поддршка (субвенции) на жените во делот на земјоделството што доведува до слаба рефлексија на потребите на жените во делот на земјоделството во креирањето политики и пристап до сервиси и земјоделски производи, употреба на технологија, и генерално еднаква дисперзација на субвенциите и поддршката и во делот на ублажување и во делот на адаптација.

- Отсуство на системи и стратегии за комуникација (информирање) во делот на намалување на ризикот од катастрофи (рано предупредување) базирани на родовата компонента во катастрофите, кое е во првична релација со ниската свест, знаење и отсуство на анализи за родовата димензија во негативните ефекти на климатските промени (суши, поплави, итни случаеви), како и немање адекватен систем за подеднакво распределување на технологиите и средствата за спречување од катастрофи и ревитализација.

| Табела: Преглед на Нацрт акционен план за родова еднаквост и адаптација/ублажување кон климатските промени. | | | |
|---|---|---|---|
| Сектор | Активности | Сектор | Активности |
| | Ефектите од климатските промени, адаптација и ублажување се анализирани од страна на женска и машка перспектива и ситуација | | Досег преку информациски системи до жени фармери и женските членови на земјоделски домаќинства |
| | Податоците за оценките и согледувањата се разделени по род | | Жените и женските земјоделците да имаат еднаков пристап до земјоделските производи |
| | Родово сензитивните критериуми и индикатори се развиени за оценување, учество, следење и евалуација на активностите за климатските промени | Земјоделство | Искуството и знаењето на жените е вклучено во земјоделското производство и проширување |
| | | | Земјоделски информации се повеќе достапни преку разни информации од медиумите |
| | Цели поставени за еднакво учество на жените и мажите во сите активности | | Мажите и жените фармери се подеднакво обучени во техниките за одгледување |
| Климатски промени (општо) | Оценките за технологија ги земаат предвид родовите аспекти | | Субвенциите и поддршката за адаптација и ублажување се подеднакво насочени кон женските и машките сопствениците на земјиштето, земјоделците и сопственици на бизнис |
| | Родово сенситивизирање на на бизнис и филантропски заедници | | Истражувањето за климатските промени индуцира ефекти врз членови на домаќинството, по возраст и пол |
| | Подигнување на свеста кај потрошувачите | | Жените и мажите имаат еднаков пристап до вработување во екотуризам |
| | Намалување на потрошувачката на енергија | Туризам | Женските ученици се целна група за обука во средните училишта и обука за вработување во туризмот |
| | Намалување на потрошувачката на цврсти горива за греење во домаќинствата | | Поддршка за мали бизниси за подобрување на дизајнот на производите, бизнис менаџмент и анализа на пазарот |
| | Субвенции за пристап до почиста енергија од страна на жени фармери, главите на домаќинствата и сопственици на бизниси | | |
| | Достапен јавен транспорт во урбаните и во руралните средини | | Информации и системи за предупредување на жените и мажите делуваат подеднакво во различни локации |
| | Даночни олеснувања за јавен транспорт | | Податоците за климатски промени во однос |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Кампања за промоција на јавен и енергетски ефикасен транспорт | **Намалување на ризикот од катастрофи** | на суши, поплави, итни случаи се анализираат во аспект на полот, возраста, етничката припадност и географска локација |
| Здравство | Обуките, системите за предупредување и информирање ги земаат предвид ситуациите според пол и возраст | | Жените и женските групи рамноправно со мажите се вклучени во планирањето на подготвеноста од катастрофи |
| | Здравствените работници и спасувачите се обучени за различни потреби и ситуации за секоја од ранливите групи | | Анализа на пристапот на жените и мажите до технологија и средства за спречување на катастрофите и ревитализација |
| Учество во донесување на одлуки | Жените се соодветно застапени во работната сила и донесување на одлуки во енергетиката, земјоделството, водните ресурси, телекомуникациите и транспортот | Комуникации и обука | Комуникациска стратегија за климатски промени го интегрира родовиот аспект |
| | Поставени цели за учеството на жените во донесување одлуки за справување со климатските промени на сите нивоа | | Кампањите за собирање на информации од јавен карактер се насочени кон мажите и жените |
| | Процесот на родово буџетирање вклучува компоненти за климатските промени | | Претствување на комуникацијата со жените за климатските промени преку фокусните точки на сите три нивоа |
| | Жените и организациите на жените учествуваат во одлуките за користењето на водата и здруженија за управување | | Кампањите за домаќинствата целат и на жените и мажите |
| | Лица за контакт за родова еднаквост на национално и ликално ниво да добиваат лице в лице или онлајн обука за климатските промени | | Национални работилници со повеќе чинители и тркалезни маси одржана на темата за родови аспекти и климатските промени |
| | Родови ревизии за финансиски механизми и проценки на влијанието од климатските промени | | |
| | Родово одговорно буџетирање | | |

**Вежба:**

**Работа во групи**. По презентациите, да се поделат учесниците во групи и секоја група пооделно да ги разгледуваат активностите, односно да предложат мерки за нивна надградба согласно идентификуваите ограничувањата во Нацрт Акцискиот План за Род и Климатски промени.

## Агенда: Воведна обука “Родовата еднаквост и климатските промени”
**(2 дена)**

Ден 1.

| Време | Активност | Метод | Клучни пораки и цел |
|---|---|---|---|
| 9.00-9.30 | **Вовед во обуката** | Запознавање на учесниците/<br><br>Методологија на обуката/<br><br><br>Презентација на целите на обуката | Подобро запознавање на учесниците и обучувачот/<br>Градење на средина за доверба кај учесниците/<br>Запознавање со целите на обуката,/<br>Добивање информации за нивото на знаење за прашања поврзани со родовата еднаквост и климатските промени |
| **Сесија 1**<br>**Вовед во родовите концепти и климатските промени** | | | |
| 9.30-10.30 | Зошто родот е значајно прашање во третирањето на климатските промени?<br>Клучни аспекти на родовата перспектива во климатските промени (сите учесници) | Презентација:<br>Родовите перспективи во климатските промени | Постои причинско-последична врска помеѓу климатските промени и родот:<br>(1) климатските промени се стремат кон зголемување на постојните родови разлики<br>(2) родовата нееднаквост предизвикува<br>поголема ранливост на жените<br>од негативните последици од<br>климатските промени;<br>(3) постојните политики за борба против климатските промени не смеат да бидат родово неутрални/слепи. |
| 10:30-10:45 | Кафе пауза | | |
| 10.45-11.00 | Основни родови поими и концепти<br><br>Родово одговорни, неутрални, слепи и трансформативни политики (сите учесници) | Презентација на основните родови поими и концепти<br>Презентација на дефинициите за Родово одговорни, неутрални, слепи и трансформативни политики | Запознавање на учесниците со основните дефиниции за родовите концепти<br>Запознавање на учесниците со видовите родови политики |
| **Сесија 2**<br>**Интерсекција на родовата перспектива и климатските промени** | | | |
| 11:00-11.30 | Методи на воведување на родовата перспектива во политиките (за групата која работи во областа на климатските промени) | Презентација на родовиот мејнстриминг | Да се добијат основни знаења за начините преку кои политиките з аклиматски промени треба да станат родово одговорни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11:00-11.30 | Политиките за климатските промени (за родовата машинерија) | Презентација на политиките за климатските промени | Увид во политиките за климатски промени кои треба да бидат родово сензитивизирани |
| 11.45-12.00 | Кафе пауза | | |
| 12.00-12:30 | Меѓународна и национална стратешка рамка за род и климатски промени (сите учесници) | PowerPoint Презентација на меѓународните стандарди | Добивање знаење за меѓународните стандарди по однос на родовиот концепт во климатските промени |
| 12:30-13.30 | Пауза за ручек | | |
| **Сесија 3**<br>**Родовите улоги во сектори релевантни за климатските промени** | | | |
| 13.30-14.30 | **Родовите улоги во сектори релевантни за климатските промени** (транспорт, користење на енергија во домаќинствата земјоделство, жени во техничките науки и зелени работни места) | Презентација на различните родови улоги во областите транспорт и користење на енергија во домаќинствата земјоделство, жени во техничките науки и зелени работни места | Добивање знаење за основите на родовите разлики во наведените сектори |
| 14:30-14:50 | Кафе пауза | | |
| **Сесија 4**<br>**Воведување на родова перспектива во процесите на ублажување и прилагодување** | | | |
| 14:50-15:20 | Воведување на родовата перспектива во процесите на прилагодување или “адаптација” | Презентација на родово одговорни мерки во делот на адаптацијата | Запознавање на учесниците со методите за родово одговорни мерки за адаптација |
| 15:20-16:20 | РАБОТА ВО ГРУПИ: Родово одговорно планирање на политиките за прилагодување. | Работа во групи: | Родово сензитивизирање на Националните мерки за адаптација |
| 16:20-17:00 | Презентација на заклучоците од групите<br>Дискусија | Презентација<br>Пленарна дискусија | Презентација на заклучоците од групите<br>Дискусија |

Ден 2.

| Време | Активност | Метод | Клучни пораки и цел |
|---|---|---|---|
| 9.00-9.30 | **Презентација на заклучоците од Ден 1.** | Презентација | |
| **Сесија 4**<br>**Воведување на родова перспектива во процесите на ублажување и прилагодување** | | | |
| 9.30-10.00 | Воведување на родовата перспектива во процесите на ублажувањето | Презентација на родово одговорни мерки во делот на ублажување | Запознавање на учесниците со методите за родово одговорни мерки за ублажување |
| 10:00-10:15 | Кафе пауза | | |
| 10.15-11.00 | РАБОТА ВО ГРУПИ: Родово одговорно планирање на политиките за ублажување. | Работа во групи | Родово сензитивизирање на Националните мерки за ублажување |
| 11:00-12:00 | Презентација на заклучоците од групите<br>Дискусија | Презентација<br>Пленарна дискусија | Презентација на заклучоците од групите<br>Дискусија |
| **Сесија 5: Зајакнување на Акцискиот план за род и климатски промени** | | | |
| 12:00-12:30 | Презентација на Акцискиот план за род и климатски промени | Презентација | |
| 12:30-13:30 | Ручек | | |
| 13:30-14:30 | РАБОТА ВО ГРУПИ: Идентификување на методи за зајакнување на планот | Работа во групи | |
| 14:30-15:30 | Презентација на заклучоците од групите<br>Дискусија | Презентација<br>Пленарна дискусија | Презентација на заклучоците од групите<br>Дискусија |
| 15:30-16:00 | **Завршни коментари** | | |